**Универзитет Скопје**

---

**Факултет за информатика**

# ИЗВЕШТАЈ
## За реализација на Годишна програма за работа на Факултетот за информатика за академската 2024-25 година

2025

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД....3
2. НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР....3
3. ПЛАН ЗА РАБОТА И КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ....3
4. НАСТАВА....7
5. НАСТАВНО-НАУЧНИ ПРАКТИКУМИ....12
6. ОБУКИ И КУРСЕВИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА....12
7. ГОСТИ – ПРЕДАВАЧИ ВО НАСТАВАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА....12
8. ОДБОРИ ЗА ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА....12
9. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ....13
10. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА....13
11. ПРАКТИЧНА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ....14
12. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ....14
13. АКТИВНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ....15

## 1. ВОВЕД

Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на Факултетот за информатика е изготвен врз база на Годишната програма.

Со оглед на степенот на реализација на програмските цели, може да се констатира дека истите се реализирани во најголем дел. Одреден број активности останале нереализирани, поради објективни причини кои не зависеле од носителите на програмата, што може да се види од наративниот дел на Извештајот.

Исто така, Факултетот непречено ги реализира активностите чија реализација не е семестрално детерминирана и нема поголеми пречки или застои во реализација на тие активности.

## 2. НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

Факултетот за информатика има стручен и компетентен наставен и соработнички кадар кој ја реализираше наставата во есенскиот семестар во академската 2024/25 година.

Табела бр. 1: Наставен кадар што ја изведуваше наставата

| | |
|---|---|
| 1. | Проф. д-р Лидија Горачинова |
| 2. | Проф. д-р Симе Арсеновски |
| 3. | Проф. д-р Леонид Циневски |
| 4. | Проф. д-р Тони Малиновски |
| 5. | Проф. д-р Мартин Џонов |
| 6. | Проф. д-р Наташа Ристовска |
| 7. | Проф. д-р Александра Стоилковска |
| 8. | Проф. д-р Рамо Шендељ |
| 9. | Проф. д-р Ивана Огњановиќ |
| 10. | Проф. д-р Јана Илиева |
| 11. | Проф. д-р Валентина Палевска-Муцунска |
| 12. | Доц. д-р Ана Секуловска |
| 13. | Доц. д-р Весна Милевска |
| 14. | Доц. д-р Вера Бошковска |
| 15. | Доц. д-р Гордана Серафимовиќ |

## 3. ПЛАН ЗА РАБОТА И КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ

Наставата на Факутлетот за информатика во текот на есенскиот семестар целосно е реализирана и спроведена според претходно усвоениот План за работа и активности во академската 2024/25 година.

**ПЛАН ЗА РАБОТА И АКТИВНОСТИ ВО АКАДЕМСКАТА 2024/25 год.**

**ЕСЕНСКИ СЕМЕСТАР**

01.10.2024 ПРВ СВЕЧЕН АКАДЕМСКИ ЧАС

I СЕДМИЦА: 01 - 04. 10. 2024 год. (ВТОРНИК – ПЕТОК)
I ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

II СЕДМИЦА: 07-11. 10. 2024 год (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
II ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

III СЕДМИЦА:14-18.10. 2024 год (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
III ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) и консултации со Вонредни студенти (I, II и III тема)

IV СЕДМИЦА: 21-25.10 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ПРВ КОЛОКВИУМ- Редовни студенти и полагање I КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти

V СЕДМИЦА: 28.10-01. 11. 2024 год.. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
I КОЛОКВИУМ - Редовни студенти

VI СЕДМИЦА: 04-08. 11. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
IV ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии).

VII СЕДМИЦА: 11-15.11. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
V ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)
консултации со Вонредни студенти (IV, V и VI тема)

VIII СЕДМИЦА: 18-22. 11. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
VI ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)
полагање II КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти

IX СЕДМИЦА:25-29.11.2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ВТОР КОЛОКВИУМ – Редовни студенти
консултации со Вонредни студенти (VII и VIII тема)

X СЕДМИЦА: 02.-06.12. 2024 год. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
VII и VIII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) и полагање III КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти

XI СЕДМИЦА:09-13.12.2024 (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ТРЕТ КОЛОКВИУМ – Редовни студенти

XII СЕДМИЦА: 16.-20.12. 2024 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ за Редовни студенти и Завршен испит за Вонредни студенти

XIII СЕДМИЦА 23-27. 12.2024 (ПОНЕДЕЛНИК-ПЕТОК)
ЗАВРШЕН ИСПИТ – Редовни студенти

**ПРОЛЕТЕН СЕМЕСТАР**

I СЕДМИЦА: 10.02-14.02. 2025. год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
I ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

II СЕДМИЦА: 17.02-21.02. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
II ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

III СЕДМИЦА: 24.02-28.02.. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
III ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) и консултации со Вонредни студенти (I, II и III тема)

IV СЕДМИЦА: 03.03.-07.03. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ПРВ КОЛОКВИУМ за Редовни студенти и полагање Прв КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти

V СЕДМИЦА: 10.03.-14.03. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
I КОЛОКВИУМ Редовни студенти

VI СЕДМИЦА: 17.03- 21.03. 2025 год.(ПОНЕДЕЛНИК- ПЕТОК)
IV ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии).

VII СЕДМИЦА: 24.03 – 28.03.2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
V ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии)

VIII СЕДМИЦА: 31.03-04.04. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
VI ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) консултации со Вонредни студенти (IV, V и VI тема)

IX СЕДМИЦА: 07.04-11.04. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ВТОР КОЛОКВИУМ за Редовни студенти и полагање Втор КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти

X СЕДМИЦА: 14.04 -17.04. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК- ЧЕТВРТОК)
ВТОР КОЛОКВИУМ

**21.04 – 04.05. 2025  Пролетен распуст – Велигден (05.05.2025)**

XI СЕДМИЦА: 05.05.-09.05. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
VII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) консултации со Вонредни студенти (VII и VIII тема)

XII СЕДМИЦА:12.05 - 16.05.-. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК-ПЕТОК)
VIII ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА (предавања, презентации, дискусии) Трет КОЛОКВИУМ за Вонредни студенти

XIII СЕДМИЦА: 19.05-23.05. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
ТРЕТ КОЛОКВИУМ

XIV СЕДМИЦА: 26.05- 30.05. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
ПОДГОТОВКА ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ и Завршен испит за Вонредни студенти

XV СЕДМИЦА: 02.06.-06.06. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК - ПЕТОК)
ЗАВРШЕН ИСПИТ

XVI СЕДМИЦА: 09.06.-13.06. 2025 год. (ПОНЕДЕЛНИК – ПЕТОК)
ПОПРАВЕН ЗАВРШЕН ИСПИТ

15.06.2025 – 01.09.2025
РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДЕНТСКА ПРАКСА

17.06.2025 – 30.09.2025
ОДБРАНА НА ДИПЛОМСКИ ТРУДОВИ

## 4. НАСТАВА

Во текот на оваа учебна година беше реалзирана настава според следното:

Четиригодишна програма на Прв циклус насока Софтверско инженерство во 3 и 4 година (акредитирана 2018 година)
Четирогодишна програма на Прв циклус насока Информатика во 1 и 2 година (акредитирана 2023 година)
Едногодишна и двогодишна програма на Втор циклус насока Информатика (акредитирна во 2023 година)

Наставата се реализираше согласно следниот распоред на часови, на кој се гледа и ингажманот на наставниците:
Во распредите годините на студирање на студентите на втор циклус се обележани со ЧЕТВРТА и ПЕТТА.

**Распоред за предавања и вежби за есенски семестар - академска 2024/2025**

**ПРВ ЦИКЛУС**

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРВА | **Математика 1**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Проф. д-р Л. Горачинова<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Вовед во програмирање**<br>**9:00-14:00**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Циневски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Интернет технологии**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф. д-р С. Арсеновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Професионални вештини**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф. д-р А. Секуловска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Англиски јазик 1**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Доц. д-р В. Милевска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| ВТОРА | **Оперативни системи**<br>**9:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Математика 2**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Проф.д-р Л. Горачинова<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Податочни структури и алгоритми**<br>**9:00-14:00**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Циневски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **ИКТ Менаџмент**<br>**10:00-14:00**<br>**АМФ**<br>Проф.д-р Н. Ристовска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Компјутерска етика**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф .д-р А. Секуловска<br><br>14:00-16:00<br>Консултации и лабораториска работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ТРЕТА** | **ВЕБ програмирање**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Циневски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Вештачка интелигенција**<br>**10:00-14:00**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Безбедност на КС**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Проф. д-р Р. Шендељ<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Софтверско инженерство**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф. д-р И. Огњановиќ<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Етички норми во информатиката**<br>**10:00-14:00**<br>**201**<br>Проф .д-р А. Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ЧЕТВРТА** | **ИТ безбедносни политики и процедури**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р А. Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Софтверски дизајн и тестирање**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р И. Огњановиќ<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Случајни процеси**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р Л. Горачинова<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Бази на податоци 2**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р Р. Шендељ<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Проектирање на ИС**<br>**10:00-14:00**<br>**101**<br>Проф. д-р С. Арсеновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |

**ВТОР ЦИКЛУС**

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЧЕТВРТА** | **Електронска и мобилна трговија**<br>**17:00-20:30**<br>**202**<br>Проф. д-р А. Секуловска | **Право на интелектуална сопственост**<br>**17:00-20:30**<br>**202**<br>Проф. д-р Ј. Илиева | **Социјални мрежи и медиуми**<br><br>**17:00-20:30**<br>**202**<br>Проф. Д-р С. Арсеновски | **Графика и визуелизација**<br><br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф .д-р Л. Циневски | **Проектирање на ИС**<br><br>**17:00-20:30**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски |
| **ПЕТТА** | **Напредно софтверско инженерство**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф. д-р Ј. Пехчевски | **Современ менаџмент**<br><br>**17:00-20:30**<br>**101**<br>Проф. Д-р Н. Ристовска | **Методологија на истражување**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Доц. д-р А. Секуловска | **Надежност и перформанси на КС**<br>**17:00-20:30**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски | **Теорија на информации и кодирање**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф.д-р Л. Горачинова |

**Распоред за предавања и вежби за пролетен семестар - академска 2024/2025**

**ПРВ ЦИКЛУС**

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПРВА** | **Дискретна математика**<br>**10:00-12:00 (П)**<br>**101**<br>Проф. д-р Л. Горачинова<br><br>**Англиски јазик 2**<br>**12:00-14:00 (П)**<br>**202**<br>Доц. д-р В. Милевска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Објектно-ориентирано програмирање**<br>**9:00-12:00 (П)**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Циневски<br>**Архитектура на компјутерски системи**<br>**12:00-14:00 (П)**<br>**202**<br>Проф .д-р С. Арсеновски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Објектно-ориентирано програмирање**<br>**10:00-12:00 (В)**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Циневски<br>**Веб и мултимедија**<br>**12:00-14:00 (П)**<br>**202**<br>Доц. д-р М. Цонов<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Архитектура на компјутерски системи**<br>**10:00-12:00 (В)**<br>**202**<br>Проф. д-р С. Арсеновски<br>**Веб и мултимедија**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**201**<br>Доц. д-р М. Цонов<br>**14:00-16:00**<br><br>Консултации и лабораториска работа | **Дискретна математика**<br>**10:00-12:00 (В)**<br>**202**<br>Проф. д-р Л. Горачинова<br><br>**Англиски јазик 2**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**202**<br>Доц. д-р В. Милевска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ВТОРА** | **Бази на податоци**<br>**9:00-12:00 (П)**<br>**201**<br>Проф. д-р Т. Малиновски<br>**Дигитализација**<br>**12:00-14:00 (П)**<br>**201**<br>Проф. д-р А.Секуловска<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Комјутерски мрежи**<br>**9:00-12:00 (П)**<br>**202**<br>Проф. д-р Р. Шендељ<br>**Визуелно програмирање**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Циневски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Сервисно ориентирани архитектури**<br>**10:00-12:00 (П)**<br>**202**<br>Доц.д -р М. Цонов<br>**Дигитализација**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**201**<br>Проф.д-р А.Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Визуелно програмирање**<br>**10:00-12:00 (П)**<br>**201**<br>Проф.д-р Л. Циневски<br>**Бази на податоци**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**202**<br>Проф. д-р Т. Малиновски<br><br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Сервисно ориентирани архитектури**<br>**10:00-12:00 (В)**<br>**201**<br>Доц. д-р М. Цонов<br>**Комјутерски мрежи**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**201**<br>Проф. д-р Р. Шендељ<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа |
| **ТРЕТА** | **Менаџмент на настани**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф. д-р В. Палевска-Муцунска<br><br>**14:00-16:00** | **Е-комерц**<br>**10:00-12:00 (П)**<br>**101**<br>Проф. д-р А. Секуловска<br><br>**Напредни алгоритми**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**101**<br>Проф. д-р И. Огњановиќ<br><br>**14:00-16:00** | **Е-комерц**<br>**10:00-12:00 (В)**<br>**101**<br>Проф. д-р А. Секуловска<br>**Пресметување со високи перформанси**<br>**12:00-14:00 (П)**<br>**101**<br>Проф.д-р Л. Циневски<br><br>**14:00-16:00** | **Дистрибуирани компјутерски системи**<br>**10:00-12:00 (П)**<br>**101**<br>Доц. д-р М. Цонов<br>**Пресметување со високи перформанси**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**101**<br>Проф.д-р Л. Циневски<br>**14:00-16:00** | **Напредни алгоритми**<br>**10:00-12:00 (П)**<br>**101**<br>Проф. д-р И. Огњановиќ<br>**Дистрибуирани компјутерски системи**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**101**<br>Доц. д-р М. Цонов<br><br>**14:00-16:00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Консултации и лабораториска работа | Консултации и лабораториска работа | Консултации и лабораториска работа | Консултации и лабораториска работа | Консултации и лабораториска работа |
| **ЧЕТВРТА** | **Виртуелни општества**<br>**10:00-12:00 (П)**<br>**202**<br>Проф. д-р А. Секуловска<br>**Операциони истражувања**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**101**<br>Проф. д-р Л. Горачинова<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Теорија на системи**<br>**10:00-12:00 (П)**<br>**103**<br>Проф. д-р С. Арсеновски<br>**Виртуелни општества**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**103**<br>Проф. д-р А. Секуловска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Деловно преговарање**<br>**10:00-14:00**<br>**103**<br>Проф.д-р А. Стоилковска<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | **Операциони истражувања**<br>**10:00-12:00 (П)**<br>**103**<br>Проф. д-р Л. Горачинова<br>**Теорија на системи**<br>**12:00-14:00 (В)**<br>**103**<br>Проф. д-р С. Арсеновски<br>**14:00-16:00**<br>Консултации и лабораториска работа | |

## ВТОР ЦИКЛУС

| СТУДИСКА ГОДИНА | Понеделник | Вторник | Среда | Четврток | Петок |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЧЕТВРТА** | **Неструктурирани бази на податоци**<br>**17:00-21:00**<br>**201**<br>Проф. д-р Т. Малиновски | **Управување со ИКТ проекти**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Доц. д-р М. Џонов | **Веројатност и статистика за инженери**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф. д-р Л. Горачинова | **Динамика на софтвер**<br>**17:00-21:00**<br>**201**<br>Проф .д-р Л. Циневски | **Наука за податоци**<br>**17:00-20:30**<br>**201**<br>Проф .д-р С. Арсеновски |

# 5. ГОСТИ – ПРЕДАВАЧИ ВО НАСТАВАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА

Факултетот организираше гостински предавања:

- Драган Плескоњиќ – од Белград, стручњак за сајбер безбедност и сопственик на Glog.ai - гостинското предавање на тема „Извори на загрозување и безбедност на национални големи финансиски системи“ беше насочено кон системска анализа на ризиците и заканите кои ги засегаат критичните финансиски инфраструктури на државно ниво. Во рамки на предавањето беа обработени техничките, организациските и геополитичките извори на загрозување, вклучително сајбер-напади, внатрешни злоупотреби, финансиски измами, напади врз платежни системи, како и ризици поврзани со зависност од трети страни и надворешни провајдери на ИКТ-услуги. Посебен акцент беше ставен на заштитата на системите за меѓубанкарски трансакции како SWIFT, како и на националните централнобанкарски платформи и клириншки механизми управувани од институции како European Central Bank, при што беа анализирани примери на реални инциденти и нивното влијание врз финансиската стабилност. Предавањето ги опфати и концептите на сајбер-отпорност, управување со ризик, business continuity planning (BCP) и disaster recovery (DR), како и примената на меѓународни стандарди и регулативи (Basel рамки, ISO 27001, NIS директива). Студентите стекнаа продлабочено разбирање за комплексноста на заштитата на финансиските екосистеми, каде што безбедноста не претставува само техничко прашање, туку и прашање на регулаторна усогласеност, институционална координација и национална безбедност. Ваквата интердисциплинарна анализа овозможува развој на стратешко размислување и способност за проценка на ризици во контекст на критична инфраструктура со високо ниво на чувствителност и системско значење.
- Сандра Атанасовска, МДТ – гостинското предавање на тема „Национални проекти за дигитална трансформација“, одржано од страна на претставник – вработена во Министерството за дигитална трансформација, претставуваше значаен придонес кон разбирањето на институционалната рамка и практичната имплементација на државните иницијативи за модернизација на јавниот сектор. Во рамки на предавањето беа презентирани тековните и планираните национални проекти насочени кон развој на е-влада, интероперабилност на институционалните регистри, дигитален идентитет, електронски услуги и унапредување на сајбер-безбедносната инфраструктура. Посебен акцент беше ставен на координацијата помеѓу институциите, законската усогласеност со европските стандарди, како и на предизвиците поврзани со управување со промени и дигитална писменост во јавната администрација. Преку конкретни примери од практиката, студентите добија директен увид во процесите на планирање, буџетирање и имплементација на национални ИКТ-проекти, како и во механизмите за мониторинг и евалуација на нивната ефективност. Предавањето овозможи поврзување на теоретските концепти за дигитална трансформација со реалната институционална динамика, што придонесе кон развој на аналитички и стратешки компетенции кај студентите. Ваквиот тип на

соработка меѓу академската заедница и ресорното министерство има особено значење за зајакнување на практичната димензија на наставата и за подобро разбирање на улогата на јавните политики во изградбата на национален дигитален екосистем.

## 6. ОДБОРИ ЗА ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА

Одборот за доверба со јавноста на Факултетот за информатика функционира како советодавно тело составено од професионалци од туристичката индустрија. Во академската 2024/2025 година се одржаа два состаноци – по еден во секој семестар – на кои се дискутираа актуелни предизвици и трендови во ИКТ индустријата.

На есенскиот состанок, Одборот расправаше за значењето на сајбер безбедноста како област од висок јавен интерес и нејзината поврзаност со актуелните потреби на ИТ индустријата и општеството во целина. Беше истакнато дека сајбер безбедноста претставува клучен предуслов за безбедно функционирање на дигиталните системи, институциите и економијата, особено во услови на зголемена дигитализација и зависност од информациските технологии. Членовите нагласија дека оваа област има стратешко значење и бара континуирано внимание од сите релевантни чинители. Во текот на дискусијата беше посочено дека сајбер безбедноста има директно влијание врз заштитата на личните и институционалните податоци, како и врз довербата на граѓаните во дигиталните услуги и системи. Членовите на Одборот истакнаа дека зголемувањето на бројот и софистицираноста на сајбер заканите наметнува потреба од постојано унапредување на знаењата, вештините и свеста во оваа област. Беше нагласено дека образовните и научните институции имаат важна улога во подигнувањето на јавната свест, како и во обезбедувањето стручна поддршка и експертиза. Врз основа на изнесените согледувања, Одборот оцени дека е неопходно континуирано следење на општествените импликации на сајбер заканите и нивното влијание врз јавниот интерес. Како заклучок, беше усвоена препорака за поголема јавна ангажираност и систематско информирање во областа на сајбер безбедноста, со цел јакнење на довербата, отпорноста и безбедноста на дигиталното опкружување, при што препораката ќе биде доставена до надлежните органи за понатамошно разгледување и постапување.

На следниот состанок, Одборот разгледуваше прашања поврзани со развојот и примената на вештачката интелигенција и нејзиното значење за ИТ индустријата и поширокото општество. Во воведната дискусија беше истакнато дека вештачката интелигенција претставува една од клучните технолошки области со брз и динамичен развој, која веќе има значително влијание врз економијата, пазарот на труд, јавните услуги и секојдневниот живот. Членовите нагласија дека оваа област отвора нови можности, но и сериозни предизвици од аспект на јавниот интерес. Во текот на дискусијата беше посочено дека примената на вештачката интелигенција носи важни општествени и етички импликации, поврзани со заштитата на личните податоци, транспарентноста на алгоритмите, одговорноста при носење одлуки и потенцијалното влијание врз вработувањето. Членовите на Одборот нагласија дека е неопходно внимателно и континуирано следење на јавните ефекти од овие технологии, како и развивање на критичка и информирана перспектива за нивната примена. Беше истакнато дека академските институции имаат особена улога во отворање и насочување на ваквите дискусии. Врз основа на изнесените согледувања, Одборот оцени дека е важно Факултетот за информатика активно да ја следи областа на вештачката интелигенција од аспект на јавниот интерес и општествената одговорност. Како заклучок, беше усвоена препорака за поттикнување на информирана, стручна и одговорна јавна дискусија за

вештачката интелигенција, како и за јакнење на улогата на Факултетот како релевантен и одговорен чинител во оваа област.

Членовите на Одборот дадоа и други корисни препораки за унапредување на практичната настава и зајакнување на поврзаноста со индустријата, но и сериозен импак за креирање нови студиски насоки, особено на 2. циклус. Исто така беа иницирани идеи за заеднички истражувања и вклучување на студентите во реални проекти. Одборот продолжува да игра значајна улога во подобрување на квалитетот на образованието и подготовката на студентите за пазарот на труд.

## 7. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во текот на академската 2024/25 година, дел од наставниот кадар на Факултетот за информатика активно придонесе во развојот на научната мисла преку објавување научни трудови во релевантни меѓународни и домашни научни списанија, како и преку учество на научни конференции. Следува преглед на објавените трудови и конференциските излагања:

**Објавени во списанија**

- Ognjanovic, I.; Šendelj, R.;Daković-Tadić, M.; Kožuh, I., A Longitudinal Study on the Adoption of Cloud Computing in Micro, Small, and Medium Enterprises in
- Montenegro, Applield Sciece. 2024, 14, 6387. https://doi.org/10.3390/app14146387
- Ognjanovic, I.; Šendelj, R.;Daković-Tadić, M.; Kožuh, I., A Longitudinal Study on the Adoption of Cloud Computing in Micro, Small, and Medium Enterprises in
- Montenegro, Applield Sciece. 2024, 14, 6387. https://doi.org/10.3390/app14146387
- Leonid Djinevski, ANALYSIS OF PARELLEL MULTIPROCESSOR EXECUTION OF DIFFERENT PROGRAMMING APPROACHES, Knowledge-International Journal Vol. 65, August 2024
- B. Zlatanovska, L. Gorachinova-Ilieva, L. Koceva Lazarova, M. Miteva, Mathematics 1 for technical faculties, UGD, ISBN: 978-608-244-924-1
- Gordana Serafimovic, PhD, Maja Kuzmanovska, PhD, Evaluation of Human Capital Effects on Economic Growth in North Macedonia: Evidence from 2000 to 2024, XI-th International Scientific Conference of University College of Business, Tirana, Albania
- Djonov M., Galabov M., Doko F., Designing architecture for long running processes with microservices, event-driven architecture, and WebSockets to enhance the user experience, CoMeSySo
- Sekulova Jasminka and Vesna Milevska, Task-Based Language Teaching in Primary School, Paper presented at an international conference, Korça, Albania, May, 2025
- Milevska, Vesna, Task-based language Teaching in primary schools, Korcha Albania May 2025
- Djonov M., Galabov M., Designing AWS Infrastructure to meet the demands of high-frequency workloads, CoMeSySo 2024, Prague, Czech Republic, 2024.
- Blagoj Conev, Jana Ilieva, COMPETITION OF GREAT POWERS IN THE WESTERN BALKANS (2010–, GEA JOURNAL OF GEOGRAPHICAL INTERNATIONAL JOURNAL Volume 1 Number 1 (June 2025)

- S. Markovski, L. Goračinova-Ilieva, Probabilistic groupoids, Quasigroups and Related Systems 32 (2024), 69 − 94

**Научни конференции**

- Gordana Serafimovic, PhD, Maja Kuzmanovska, PhD, Evaluation of Human Capital Effects on Economic Growth in North Macedonia: Evidence from 2000 to 2024, XI-th International Scientific Conference of University College of Business, Tirana, Albania
- Sekulova Jasminka and Vesna Milevska, Task-Based Language Teaching in Primary School, Paper presented at an international conference, Korça, Albania, May, 2025
- Milevska, Vesna, Task-based language Teaching in primary schools, Korcha Albania May 2025 Djonov M., Galabov M., "Designing AWS Infrastructure to meet the demands of high-frequency workloads ", CoMeSySo 2024, Prague, Czech Republic, 2024.
- L. Gorachinova-Ilieva, S. Grcheva, "Model for awarding academic titles in the higher education institutions of the Republic of Macedonia, Proc.", ICONBEST 2024, 509-526.

## 8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во академската 2024–2025 година, Факултетот за информатика при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје реализираше повеќе активности насочени кон продлабочување на својата меѓународна соработка, усогласување со европските стандарди и зголемување на видливоста на студиските програми на глобално ниво.

- **Учество во програмата Еразмус+**

Факултетот успешно реализираше активности преку програмата Еразмус+, со зголемен број на мобилности на студенти за студирање и стручна пракса во земјите од ЕУ. Реализирана е мобилност на наставен кадар во рамките на предавачки и обуки-програми, а склучени се нови билатерални договори со универзитети од Романија, Португалија и Хрватска. Организирани беа подготвителни курсеви по странски јазици (англиски, француски, шпански) како дел од подготовката за мобилност. Овие активности резултираа со зголемен интерес и вклученост на студентите и кадарот во меѓународна размена.

- **Јакнење на соработката со ЕУ универзитети**

Реализиран е онлајн семинар на тема „Инклузивност и дигитална трансформација во туризмот" со учество на професори и студенти од Германија, Франција и Словачка. Заедно со партнерите, е спроведен дигитален курс од 40 часа на тема "Sustainable Destination Management". Потпишани се нови меморандуми за разбирање со универзитети од Унгарија, Италија и Белгија. Активностите придонесоа за зголемување на академската видливост, интеркултурна размена и зајакнување на институционалната соработка.

- **Упис на странски студенти**

Во насока на интернационализација, факултетот спроведе активности за привлекување странски студенти од Југоисточна Европа, Турција и Казахстан.

Обезбедена е менторска и административна поддршка за процесот на пријавување, а одржани се виртуелни инфо-сесии на англиски јазик. Развиен е “buddy“ систем за полесна интеграција на странските студенти. Дел од наставата е адаптирана на англиски јазик, со цел подобра поддршка и вклученост на меѓународните студенти.

- **Реализирана реакредитација на UNWTO.TedQual**

Во академската 2024/2025 година, Факултетот за туризам успешно ја реализираше постапката за реакредитација според стандардите на UNWTO.TedQual. По сеопфатна подготовка, која вклучуваше ревизија на наставните програми, подобрување на системот за евалуација и документација, како и обучување на академскиот и административниот кадар, факултетот повторно ја доби престижната меѓународна акредитација. Овој резултат потврдува дека наставата, практичната обука и институционалната структура се усогласени со највисоките глобални стандарди во туристичкото образование. Реакредитацијата придонесува за зголемување на меѓународната препознатливост и доверба во квалитетот на студиските програми на факултетот.

Факултетот за информатика во оваа процедура учествуваше како набљудувач со цел аплицирање на образовните технологии и искуства од оваа акредитациска постапка во своите активност.

## 9. ПРАКТИЧНА НАСТАВА ЗА СТУДЕНТИТЕ

Главен белег на Факултетот за информатика останува практичната работа како суштински дел од образовниот процес, со фокус на искуствено учење и стекнување применливи знаења и вештини. Студентите, согласно наставниот курикулум и Правилникот за практична настава, задолжително изведуваат практична работа со времетраење од најмалку 30 работни дена за време на своите студии, со поддршка на Центарот за кариера при УТМС.

Праксата се одвива 30 работни дена, во два циклуса: за време на летна пракса (јуни–август 2025). Студентите праксата ја реализираа индивидуално во следните компании:

- BMB, Скопје
- Educom, Скопје
- Edusoft, Скопје
- GDI, Скопје
- Neocom, Скопје
- Semos, Скопје
- Tessa, Скопје
- Адопт Интелигенс, Скопје
- Semos, Скопје
- Tessa, Скопје
- Adopte Inteligence, Скопје

Поради истечени договори за соработак, потребно е да се склучат нови договори со посочените компании што ќе биде тема за работа во понатамошниот период.

## 10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Промотивните активности на Факултетот за информатика за академската 2024/25 година се реализираа во координација со универзитетските промотивни планови и стратегија за видливост на Универзитетот Скопје. Активностите се организираа континуирано во текот на целата академска година, со цел да се засили видливоста на Факултетот, да се промовираат студиските програми и истовремено да се зајакне улогата на туризмот како значаен фактор за одржлив развој и економски напредок.

Факултетот реализираше присуство на:

- саеми за образование
- отворени денови за средношколци,
- медиумски гостувања и интервјуа,
- дигитални кампањи преку социјални мрежи и веб-платформи,
- јавни трибини и тематски форуми поврзани со туризмот.

Во согласност со својата мисија и вредности, Факултетот за информатика активно се вклучи во новата кампања на Светската туристичка организација (UNWTO) под наслов “Travel, Enjoy, Respect“. Целта на оваа иницијатива е подигнување на јавната свест за вредноста на одржливиот туризам како двигател на социјален, економски и културен развој, особено во контекст на глобалните предизвици.

По повод Светскиот ден на туризмот, кој се одбележува на 27 септември, Факултетот за туризам организираше гала настан пред Универзитет „Скопје“ со учество на над 150 гости, меѓу кои и претставници од: Министерството за економија, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Национални и локални туристички организации, туристички оператори и угостителски субјекти, универзитетски професори и истражувачи, студенти и медиуми. Настанот беше медиумски покриен од неколку национални телевизии и портали. Тоа беше прилика неформално да се сретне и Одборот за доверба во јавноста, со други чинители на општествениот живот.

## 11. АКТИВНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| Јуни 2025 | РЕКТОРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ, ПРОФ. Д-Р АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ ДОБИ ПРИЗНАНИЕ ЗА ПОЧЕСЕН ГРАЃАНИН НА ОПШТИНА БУТЕЛ<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2671-rektorot-na-univerzitetot-skopje-prof-d-r-ace-milenkovski-dobi-priznanie-za-pochesen-gragjanin-na-opshtina-butel |
| Јуни 2025 | УТМС ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ТУРСКАТА ТУРИСТИЧКА КОМПАНИЈА „КАРТАЧА ТУР“<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2668-utms-potpisha-memorandum-za-sorabotka-so-turskata-turistichka-kompanija- |

| | |
|---|---|
| | kartacha-tur |
| Мај 2025 | УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ БЕШЕ НАГРАДЕН СО ПЛАКЕТА ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС ВО ПОДИГНУВАЊЕ НА КОКТЕЛ-КУЛТУРАТА И УГОСТИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2663-univerzitetot-skopje-beshe-nagraden-so-plaketa-za-osoben-pridones-vo-podignuvanje-na-koktel-kulturata-i-ugostitelstvoto-vo-republika-makedonija |
| Ноември 2024 | ЕКОНОМИЈАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ФОКУС НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ICON BEST 2024<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2631-e-icon-best-2024 |
| Октомври 2024 | СВЕЧЕНО ДОДЕЛУВАЊЕ ДИПЛОМИ<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2617-univerzitetskata-diploma-patokaz-vo-profesionalnata-kariera-na-mladite |
| Септември 2024 | УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ – ГЛАВЕН ПОКРОВИТЕЛ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ПОСВЕТЕНА НА 70-ГОДИШНИНАТА ОД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО!<br>https://www.utms.edu.mk/vesti/opsti/2611-univerzitetot-skopje-glaven-pokrovitel-na-konferencijata-posvetena-na-70-godishninata-od-evropskata-konvencija-za-zashtita-na-kulturnoto-nasledstvo |

Факултет за информатика
Декан
Проф. д-р Лидија Горачинова Илиева